ТЕХНОМЕТАЛ-ВАРДАР
извоз-увоз АД

**Коментар кон Биланс на успех за период од 01.01 - 31.12.2017 г.**

Во периодот што се анализира ( 01.01-31.12.2017 ) **оперативните приходи** бележат зголемување од 61% во однос на истиот период минатата година. Ова зголемување се должи на зголемување на приходите од продажба кое изнесува 131% и е резултат на големото зголемување на приходите од продажба на странски пазар. Останатите оперативни приходи и нивното учество во вкупните приходи се незначителни.

На ниво на Друштвото и покрај направените максимални напори за намалување на трошоците, вкупните **оперативните расходи** имаат голем пораст во однос на истите од минатата година, кој пораст, како што информиравме во шестомесечните финансиски извештаи, се должи на продажбата на акциите кои Друштвото ги поседуваше во други Акционерски Друштва, а кои акции се продадени од страна на извршител со голема капитална загуба, од која произлегува и загубата во работењето, но во овој период зголемена за направените отписи на застарени побарувања од минати години. Така да поради претходно наведените причини, и покрај зголемувањето на приходите, во Билансот на успех е искажана загуба од работењето во 2017 г.

Како што и претходно наведовме, тоа се и причините поради кои не може да се направи споредба на остварените и предвидените податоци од Планот за 2017 г.

**Технометал-Вардар**
**извоз-увоз АД, Скопје**